Република Северна Македонија

**Јавно претпријатие за државни патишта**

Бр. 11-604/1
Скопје, 20-01-2021 година

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА ПЕРИОД ОД 2021 год. - 2023 год.

СКОПЈЕ


Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

**Содржина**

I. ВОВЕД

1.1. Преглед

1.2. Организациска структура и обем на работа на внатрешната ревизија

II. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА

2.1. Цели и приоритети на институцијата и институциите во надлежност

2.2. Очекувани промени во институцијата и институциите во надлежност

III. ЦЕЛИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

IV. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ НА РЕВИЗИЈА

V. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

5.1. Пристап кон проценката на ризикот

5.2. Резултати од проценката на ризикот за потребите на стратешкото планирање

VI. ПРИОРИТЕТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ ВО ПЕРИОДОТ 2021 - 2023 ГОДИНА

6.1. Врска на приоритетните области за ревидирање и спроведените анализи

6.2. Листа на приоритетни области за ревидирање со распоред за ревидирање

VII. КАДРОВСКИ ПОТРЕБИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

VIII. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ВРСКАТА СО ГОДИШНИОТ ПЛАН

IX. ЗАКЛУЧОК

ПРИЛОГ

# I. ВОВЕД

## 1.1. Преглед

Овој Стратешки план ги содржи најважните цели, приоритети и активности на внатрешната ревизија во Јавното претпријатие за државни патишта за периодот 2021 - 2023 година.

Целите и активностите на внатрешната ревизија се во согласност со целите и приоритетите на ЈПДП.

Стратешкиот план се базира на проценка на ризикот и е во согласност со Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата („Службен весник на Република Македонија" бр.136/2010), Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.113/2014), како и Насоките за подготовка на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија објавени на веб страната на Министерството за финансии.

## 1.2. Организациска структура и опфат на работа на внатрешната ревизија

Внатрешната ревизија е независна активност на давање објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот. Таа помага субјектот да ги исполни своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето.

Единицата за внатрешна ревизија спроведува внатрешна ревизија во субјектот од јавниот сектор, вклучувајќи ги и оние на корисниците на средства од ЕУ фондовите.

Одделението за внатрешна ревизија, основано во Јавното претпријатие за државни патишта врши функција на внатрешна ревизија во организационите единици на ЈПДП.

Со Правилникот за организација и работа на ЈПДП и Правилникот за систематизација на работните места во ЈПДП, Единицата за внатрешна ревизија е воспоставена како Одделение за внатрешна ревизија, кое е организациски и функционално независно и е директно и единствено одговорно на Директорот во ЈПДП. Во Одделението се систематизирани 3 работни места, од кои 1 е пополнето и тоа: 1 раководител на одделението (пополнето).

## II. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА

Стратешкиот план за периодот 2021 - 2023 година е изготвен врз основа на извршен преглед на целите и приоритетите на институцијата.

Прегледот се заснова на информациите собрани преку анализа на последните 3 Годишни програми, Правилникот за организација и работа на ЈПДП, интерните процедури за работа согласно Стандардот за квалитет ИСО 9001:2015, регистерот на ризици, Годишниот извештај за работењето на ЈПДП, одржаните состаноци со раководителите на секторите, како и ревизорските извештаи од Државниот завод за ревизија, Ревизорското тело за ревизија на ИПА и Одделението за внатрешна ревизија.

### 2.1. Цели и приоритети на институцијата

Стратешките приоритети и цели на ЈПДП се утврдени со Годишата Програма на ЈПДП која се донесува секоја година а целите се:

- Планирање на изградба на патишта,
- Изградба на патишта,
- Реконструкција на патишта,
- Рехабилитација на патишта,
- Одржување и заштита на патиштата и управување со државни патишта и
- Финасирање на ЈПДП ( опфаќа со Закон пропишаните извори на финасирање за вршење на основната дејност на претпријатието, утврдени согласно со Законот за Јавни патишта.

Приоритети на инситуцијата согласно Годишните програми за ЈПДП се:

1. Нови инвестиции за изградба, реконструкција и рехабилитација на патната инфраструктура финансирани со:
    - Сопствени средства,
    - Меѓународните кредити и
    - Грантови - ИПА Фондови.
2. Одржување и заштита на државните патишта
3. Наплата на патарина.
4. Изработка на проекти за изградба, реконструкција и рехабилитација на државните патишта.

## 2.2. Очекувани промени во институцијата

Во ЈПДП, се очекуваат следните промени

- Во Секторот за инвестиции со средства од МФИ се очекува реализација на проектите односно спроведување на електроснки систем за наплата на патарина на коридор осум (8) израдба на две нови наплатни станици на автопатот Миладиновци – Штип.
- Во Секторот на Одржување, заштита на патишта и наплата на патарина во наредниот период на годишно ниво, по направена инспекција на државните патиша точно ќе се предвидат патните правци со приближна вкупна должина од 80 км, за надрградба на коловозот во согласност со предвидените средства од годишната програма за таа намена . Исто така се очекува проектирање и санација на мостовите и свлечиштата.
- Поради воведувањето на Инструментот за претпристапна помош - ИПА II се очекува реализација на договори за градежни работи за делниците Прилеп-Ленишка река заедно со село Беловодица – "Каменолом Маврово" како и на делницата Куманово Страцин (фаза- 1). Во рамките на ИПА II се очекува отпочнување на договорот за поставување на еластачна одбојна ограда по должината на коридор X.
- Во Секторот за безбедност на патишта и управување на патишта се очекува тековно мерење на состојбата на патиштата со специјалните возила (Профилометар и Дефлектометар) заради утврдување на моменталната состојба на патиштата и изготвување на Програмата за рехабилитација на истите врз основа на анализа на добиените податоци од извршените мерења во склоп на Одделението за управување со патишта (PAMC – Roads Asset Management System)
- Се очекува реорганизаирање на Секторот за Одржување и заштита на патишта и наплата на патарина со одвојување на одделението за наплата на патарина во посебен сектор, додека во преостанатиот дел ќе се формира одделение за издавање одобрувања за вонреден превоз
- Во Одделението за информатика се очекува надградба на ИТ инфраструктурата во рамките на неколку проекти: набавка на компјутери и копјутерска опрема, набавка на активна компјутерска мрежна опрема и надградба на ЕРП софтвер.
- Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи, ЈПДП ке има обврска да изготви нови правилници за внатрешна органицација и систематизација на работни места после изготвување на нова функсионална анализа од страна на комисијата во ЈПДП., и истата се доставува до Министерство за информатичко општество и администрација за согласност. Откако ке се добие согласност ќе биде потребно да се изготви

измена на Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во ЈПДП. Во текот на наредниот период се очекува измена на Закон за административни службеници и Закон за вработените во јавниот сектор, што може да предизвика потреба од измени и дополнување на интерните акти на ЈПДП. Со секоја евентуална измена на законите кои се поврзани со работењето на ЈПДП (Закон за јавните претпријатија, Закон за јавните патишта) може да се појави потреба од усогласување на статут или други интерни акти на ЈПДП.

- Согласно Инвестиционата програма за инвестиции од странски кредити финансирани од Светска Банка, Европска банка за обнова и развој, Европска инвестициона банка и Ексим банка, Јавното претпријатие за државни патишта, Секторот за инвестиции со средства од МФИ очекува да ги реализира следниве позначајни проекти и тоа: Изградба на експресен пат Ранковце - Крива Паланка; Продолжување на проектите за изградба на експресен пат Штип - Кочани, експресен пат Градско - Прилеп (делница Фариш - Дреново); Изградба на експресен пат Штип - Радовиш; Реконструкција и рехабилитација на патен правец Крива Паланка - Деве Баир; Изградба на автопат Букојчани - Кичево; Изградба на автопат Кичево - Охрид и изведбата на првите 2 километри од автопатот Скопје – Блаце како и преостанатите 10,5 километри автопат Скопје – Блаце, Изградба на автопат Требениште – Струга – Ќафасан, Проширување на ниво на автопат Тетово – Гостивар, Изградба на автопат Прилеп – Битола и Изградба на експресен пат Битола – Г.П. Меџитлија.
- Согласно Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта во Јавното претпријатие за државни патишта преку Секторот за инвестиции од средства на РМ се очекува реализација на следниве позначајни проекти: Реконструкција на регионален пат Р2133 делница Матејче – Липково (завршен 2020 употребна дозвола се очекува да добие 2021), Доизградба на регионален пат крак 1 од Р-418 (фаза 2), на потег фабрика "Вевчанка" – Здравствен дом Вевчани (завршен 2020 употребна дозвола се очекува да добие 2021),, Изградба на државен пат Р1402 делница, С.Коњарево - Н.Коњарево (завршен 2020 употребна дозвола се очекува да добие 2021),, Доизградба на регионален пат од Скопје до Сончев град (завршен 2017 употребна дозвола се очекува да добие 2021), Рехабилитација на државен пат од Р1205 – Злетово – Пробиштип, Рехабилитација на државен пат А3, транзит низ Охрид, Поправка и рехабилитација на државен пат Р29273, делница Ботун (врска со А2) - Белчишта – Брежани, Изградба на мост на државен пат Р2136 на р.Пчиња кај Коњаре, Изградба на армирано бетонски потпорен ѕид на државен пат Р2133 делница, Матејче – Липково, Изградба на заштитна ограда на Обиколница на Битола,, Реконструкција на регионален пат Р2133

делница Ропалце – Матејче, Реконструкција и рехабилитација на државниот пат Р1109 (обиколница на Богданци), Реконструкција со рехабилитација на државен пат Р1203, делница Тетово – Џепчиште, Изградба на регионален пат Р2246 делница, Извор (спој со А2) – Гарски Мост, Реконструкција и рехабилитација на регионален пат Р2235, делница Никифорово – Леуново – Бунец (спој со Р1202), Изградба на нов мост на река Пчиња за поврзување на идниот автопат А4, делница Миладиновци – Свети Николе – Штип (клучка Средно Коњаре) со регионалниот пат Р2136 и други проекти. Изработка на проектна документација за експресен пат делница, Битола-Меџитлија со обиколница на Битола, Изработка на основен и инфраструктурен проект за делница, Букојчани–Кичево, , , Изработка на проектна документација делница, Струмица – Валандово – Спој со А1, Изработка на проектна документација на државен пат А3 обиколница Ресен, Изработка на проектна документација за поставување сообраќајна сигнализација и опрема на државен пат А3, делница Буково – Охрид, Изработка на проектна документација за рехабилитација со подобрување на автопат А1, ГП Табановце – клучка Табановце, Измена и дополна на проект за инфраструктура за Изградба на регионален пат Р2138, врска со рег. пат Р2134, со населба Сончев ГрадИзработка на проектна документација за рехабилитација и санација на државен пат А1, делница Неготино – ТЕЦ Неготино (двата коловоза), Изработка на проектна документација за заштита на косини за автопат А4, делница Миладиновци – Свети Николе – Штип, Изработка на проектна документација за докомплетирање на обиколница на Богданци кој е дел од државниот пат Р1109, Изработка на урбанистички проект за реконструкција и рехабилитација на регионален пат Р2235 делница Никифорово – Леуново – Бунец (спој со Р1202), Изработка на проектна документација за изградба на обиколница на Тетово преку клучка Требош до Непроштено, Изработка на проектна документација за поврзување на Тетово со Призрен (Косово) на ниво на идеен проект, Изработка на проектна документација за автопат А2, делница Требениште - Струга – Ќафасан, Изработка на проектна документација за проширување и подобрување на геометриски елементи на државен пат Р2234, делница Кондово – Радуша – Јегуновце, Изработка на проектна документација за рехабилитација на државен пат А1, делница клучка Гевгелија – ГП Богородица (десен коловоз), Изработка на проектна документација за рехабилитација на државен пат Р1212, делница Охрид – Свети Наум, Изработка на проектна документација за експресен пат, делница Струмица – граница со Р. Бугарија и други проекти.

- Во Одделението за правни работи, застапување, подготовка и следење на постапката за експропријација се очекува реализирање на постапката за експропријација за следните проекти: А1 Градско -Прилеп, А4 Штип-Радовиш, А3 Штип-Кочани, Автопат А4, делница ГП Блаце-Скопје, Автопат А2, делница Кичево-Охрид и се очекуваат одредени промени во законската

регулатива, а особено Законот за експропријација со кои би се надминале одредени потешкотии при имплементацијата на законот и би се олеснила и забрзала постапката за експропријација.

### 2.3.1 Годишен извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола

Директорот на ЈПДП секоја година потпишува Извештај за работењето на ЈПДП и Извештај за финансиско работење на претпријатието (квартални).

### 2.3.2 Годишни изјави за состојбата на финансиското управување и контрола на ИПА

Во делот на работењето на ЈП за државни патишта поврзано со ИПА фондовите, Координаторот на Единицата за имплементација на проекти (ЕИП) изготвува годишни изјави за гаранција (ИПА 1), односно годишни изјави за управување (ИПА 2). Координаторот на ЕИП годишната Изјава за гаранција (за ИПА I Програмата) и Изјавата за управување (за ИПА II Програмата) ги доставува до ИПА Координаторот во Министерството за транспорт и врски и до Раководителот на ЦФЦД во Министерството за финансии.

За сите години откако е формирана Единицата за имплементација на проекти во ЈП за државни патишта за ИПА I (2010 – 2020 година), компоненти 3 - регионален развој изготвена е Изјава за гаранција (Statement of Assurance) со која се потврдува дека:

- проверените трошоци и направените плаќања се вистинити, целосни и точни;
- системот на управување и контрола функционира ефективно, обезбедувајќи разумно уверување за законитоста и регуларноста на спроведените активности, имајќи ги во предвид принципите на солидно финансиско управување;
- сите релевантни договори што би можеле да имаат материјален ефект врз проверените трошоци и направените плаќања и кои би можеле да не се усогласени, се усогласени. Не се констатирани случаи на неусогласеност со правилата на ЕУ, што би имале материјален ефект врз проверените трошоци и направените плаќања.

Со годишната Изјава за управување на Координаторот на ЕИП за ИПА 2, за 2017, 2018 , 2019 и 2020 година се потврдува дека:

- проверените трошоци и направените плаќања се вистинити, целосни и точни;

- системот на управување и контрола функционира ефективно, обезбедувајќи разумно уверување за законитоста и регуларноста на спроведените активности, имајќи ги во предвид принципите на солидно финансиско управување;
- сите релевантни договори што би можеле да имаат материјален ефект врз проверените трошоци и направените плаќања и кои би можеле да не се усогласени, се усогласени. Не се констатирани случаи на неусогласеност со правилата на ЕУ, што би имале материјален ефект врз проверените трошоци и направените плаќања.

### 2.3.3 Извршени ревизии од Државниот завод за ревизија

Последна ревизија од страна на ДЗР е реализирана во 2015 година со конечниот ревизорски извештај кој е доставен на 09.12.2016 год. бр. 12-87/9 од извршена ревизија на Финасиските извештаи заедно со ревизијата на усогласеност на ЈПДП. Од извршената ревизија ДЗР даде препораки за преземање мерки и активности на: востапување на систем на интерни контроли за следење и реализација на обврските по долгорочни заеми и кредити, вовдување на девизно сметководство, донесување на акт за сметководтсвени политики, спроведување на целосен и комплетен попис на средствата, побарувањата и обврските, довршување на постапката за легализација за утврдување на правниот статус на државните патишта која е започната, и нивен успех во јавната книга во Агенцијата за катастар на недвижности. Исто така препорачиле да се направи проценка на објективната вредност на недвижностите и опремата, како и проценка преостанатиот корисен век на употреба на средствата, да се извршат корективни книжања за акумулираната амортизација и пресметаната амортизација за 2015 година, со примена на стапка на амортизација усвоени со акт, да се комплетира целокупната документација за активирање на патните правци и објакти и да се спроведат корективни книжања за трошоците за позајмувањее за заемите кои се активни, односно се во фаза на повлекување, да се утврди причината за неусогласност на состојбата на одложено признавање на приходи за неусогласеност на состојбата на одлежено признани на приходите со сегашната вредност на средствата добиени во вид на државна подршка.

Во делот – Нагласување на прашања за неизвеснот или контениуитет, ревизијата ги истакнува следните состојби:

- Во белешките кон финасиските извештаји, обелоденети се информации за ризикот од ликвидноста и ризикот од финасирање, меѓутоа истите не се утврдени согласно МСС, од причина што не се земени во предвид целосните податоци и информации за вкупните долгорочни обврски за заем и кредити, кои што го зголемуват степенот на ризикот.

- ЈПДП, се јавува во својство на тужена страна и тужител, во поголеми број на судските постапки пред надлежниот суд, со поголема вреднсот,чиј конечен исход од истите не е познат,што може да има влијание на остварениот финасиски резултат во наредниот период.

Од дадените 18 забелешки ЈПДП постапи на реализација на истите од кои 14 целосно се реализирани а 4 забелешки се во тек и во наредниот период ќе се постави по нив.

### 2.3.4 Извршени ревизии од Ревизорското тело за ревизија на ИПА

Ревизорското тело за ревизија на ИПА во континуитет врши надворешна ревизија на Единицата за имплементација на ИПА проекти во ЈП за државни патишта.

За ИПА I програмата, согласно извештаите на Ревизорското тело:

- За 2017 и 2018 година утврдени се вкупно 5 наоди (5.1/3.1-JPDP-S/R-16) кои се затворени, а се однесуваа на тоа што Прирачникот за процедури не е ажуриран, не се изработени одредени Листи за проверка, Обрасците за следење на операции за Мерка 2.2 не се изработени и Годишниот план за следење не е ажуриран.

За ИПА II програмата, согласно извештаите на Ревизорското тело за 2018 година:

- Утврден е само еден наод бр. 5.1;3.1-JPDP-S/R-18 за нецелосно почитување на процедурата за тендерирање, односно неизработка на одредени Листи за проверка. За наодот од страна на Координаторот на ЕИП преземени се соодветни корективни мерки, но наодот се смета за отворен бидејќи не е извршена Ревизија за следење на препораките (follow – up), по што наодот официјално би се затворил.

За ИПА II програмата, согласно извештаите на Ревизорско тело за 2019 година бр. 12-2940/1

- Утврден е само еден наод бр. 5.1;3.1-JPDP-S/R-18 за нецелосно почитување на процедурата за тендерирање, односно неизработка на одредени Листи за проверка. За наодот од страна на Координаторот на ЕИП преземени се соодветни корективни мерки, но наодот се смета за отворен бидејќи не е извршена Ревизија за следење на препораките (follow – up), по што наодот официјално би се затворил.

За ИПА II програмата согласно извештаите на Ревизоркco тело за 2020 година нема наоди нити препораки.

### 2.3.5 Извршени ревизии од Одделението за внатрешна ревизија

Одделението за внатрешна ревизија во делот од работењето за 2017, 2018, 2019 и 2020 година има извршено вкупно 9 ревизии. Утврдени се 18 наоди, од кои 2 наоди се со висока важност, 9 наоди со средна важност и 7 наод со ниска важност. За отстранување на слабостите и неправилностите, од страна на ревизорите се дадени вкупно 18 препорака.

Во 2017 година се дадени вкупно 4 препораки, од кои 3 препораки се реализирани, а 1 препорака не е реализирана.

Во 2018 година се дадени вкупно 14 препораки од кои 9 препораки се реализирани, а 5 препораки не се реализирани.

Во 2019 година нема наоди нити препораки.

Во 2020 година нема наоди нити препораки.

## III. ЦЕЛИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Земајќи ги предвид целите и приоритетите на институцијата и институциите во надлежност и степенот на развиеност на финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија во наредниот тригодишен период планира да го реализира следното:

- зајакнување на системот на внатрешни контроли во ЈПДП;
- зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП со ИПА фондовите;
- зајакнување на системот на внатрешни контроли при задолжување и инвестирање;
- зајакнување на системот на внатрешни контроли и придонес во остварувањето на целосна регуларност на финансиско - материјалното работење на ЈПДП;
- зајакнување на системот на внатрешни контроли на ИТ;
- зајакнување на системот на внатрешни контроли поврзан со јавните набавки;
- зајакнување на системот внатрешни контроли поврзано со инвестиции од средства на РМ;
- зајакнување на системот внатрешни контроли поврзано со инвестиции од средства од МФИ;
- зајакнување на системот внатрешни контроли поврзано со Одржување, заштита на патишта и наплата на патарина;
- зајакнување на системот внатрешни контроли поврзано со безбедност на патишта и управување на патишта

# IV. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ

При утврдување на потенцијалните области за ревидирање појдовна основа беа Правилникот за организација и работа на Јавното претпијатие за државни патишта и интерните процедури за работа на претпријатието, со кои детално се утврдени процесите, активностите и задачите кои се одвиваат во претпријатието.

Одделението за внатрешна ревизија изврши групирање на одделни процеси и активности, имајќи ги предвид нивните карактеристики, обем, хоризонтална и вертикална поврзаност, а со цел да се овозможи изводливост, целисходност и ефикасност на потенцијалните ревизии.

Одделнието за внатрешна ревизија во соработка со пом/директорите, раководителите на сектори и самостојните одделенија во ЈПДП ја утврди важноста на секоја од потенцијалните области за ревидирање.

За утврдување на степенот на важност беа користени следните фактори:

- важност за постигнување на целите и приоритетите на ЈПДП
- финансиска значајност и инвестициите (големина на расходи, приходи, потенцијални заштеди, потенцијални штети)
- важност за јавноста
- важност за функционирањето на организационата единица и на ЈПДП како целина
- сложеност
- ранливост (чувствителност).

Секој од наведените фактори беше вреднуван со 1 до 3 поени, при што 1 поен значи мала важност, 2 поени средна важност, а 3 поени висока важност.

Областите кои вкупно имаат 6 - 10 поени се со ниска важност, од 11 - 14 поени се со средна важност, а од 15 - 18 поени се со висока важност.

Потенцијалните области за ревидирање во ЈПДП се следните:

| Бр. | Организациона единица / Област / Процес / Проект | Важност |
|---|---|---|
| | **СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ОПШТИ РАБОТИ** | |
| 1 | Подготовка на постапка за експропријација | 18 - Висока |
| 2 | Наплата на штети | 18 - Висока |
| 3 | Претставки и предлози | 18 - Висока |
| 4 | Правни работи (процесот на прием, обработка, водење на процесот и реализација на судските предмети во јавното претпријатие за државни патишта) | 17 - Висока |
| 5 | Погдотовка на акти | 15 - Висока |
| 6 | Управување со човечки ресурси (реализација на активностите во одделението за управување со човечки ресурси со цел активностите да се вршат на правилен и квалитетен начин и истите да бидат под контрола). | 15 - Висока |
| 7 | Архивско работење | 12 - Средна |
| | **ЕДИНИЦА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА ОД ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ - ИПА** | |
| 8 | Изработка на тендери | 18 - Висока |
| 9 | Верификација на плачања по ситуации | 17- Висока |
| 10 | Изјава на гаранција | 18 - Висока |
| 11 | Известување на регуларности | 15 - Висока |
| 12 | Мониторинг | 14 - Висока |
| 13 | Управување со ризици | 13 - Средна |
| 14 | Човечки ресурси | 11 - Средна |
| | **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ** | |
| 15 | Сметководствено евидентирање на расходите и приходите | 17 - Висока |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | Подготовка на квартали финансиски извештаи | 12 - Средна |
| 17 | Изработка и исплата на плата | 12 - Средна |
| 18 | Учество во подготовка на годишната програма | 13 - Средна |
| 19 | Контрола на приходи од регистрација на возила | 12 - Средна |
| 20 | Исплата по основ на договори | 14 - Средна |
| 21 | План и анализи | 12 - Средна |
| 22 | Следење и наплата на побарувања | 14 - Средна |
| 23 | Сметководство | 18 - Висока |
| 24 | Прегледување и исплата на средства на иматели на моторни возила за период поминат во странство – повраток на средства од регистрација | 12 - Средна |
| 25 | Отплата на заеми од меѓународни финансиски институции | 13 - Средна |
| 26 | Повлекување на средства од заеми | 14 - Средна |
| 27 | Евиденција за враќање на кредитите од странски кредитори | 12 - Средна |
| 28 | Следењето на договорите со меѓународните финансиски институции, од аспект на рокови, отплати, договорни и финансиски услови | 14 - Средна |
| 29 | Контрола на реализација на договорите кои се дел од конкретниот проект и на други исплати во странство | 13 - Средна |
| 30 | Подготвува финансиски извештаи за користење на кредитите | 13 - Средна |
| 31 | Извештај за работењето на ЈПДП. | 13 - Средна |
| 32 | Исплата на трансфери кон ЕЛС | 12- Средна |
| | **СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ** | |
| 33 | Планирање на активности ( изработка на план за јавни набавки) | 18 - Висока |
| 34 | Спроведување на постапки за доделување договор за јавна набавка | 18 - Висока |

| | | |
|---|---|---|
| 35 | Следење на реализација на склучени договори за јавна набавка | 17 - Висока |
| 36 | Евиденција на набавки и ранг листа на добавувачи | 12 -Средна |
| | **СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИИ СО СРЕДСТВА ОД РМ** | |
| 37 | Планирање и изработка на техничка документација за изградба на патишта | 18 - Висока |
| 38 | Управување со проекти за изградба на патишта од сопствени средства | 18 - Висока |
| 39 | Подготовка на извештај за стратешка оцена на влијание врз животната средина (сожс) и добивање на решение/мислење за извештај за сожс | 13 - Средна |
| 40 | Подготовка на елаборат и добивање на решение за елаборатот за заштита на животна средина | 14 - Средна |
| 41 | Координативни активности при изградба на патишта | 12 - Средна |
| 42 | Следење и конрола на проектите | 17 - Висока |
| 43 | Подготовка на студија за оцена на влијание врз животната средина (овжс) и добивање на решение за студијата за овжс | 12 - Средна |
| 44 | Учество во изработка на спецификации и во комисии за спроведување на јавни набавки од сопствени средства | 18 - Висока |
| 45 | Поготовка на планот за јавни набавки во делот на инвестици односно учество во подготовка на годишната програма | 12 - Висока |
| | **СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИИ ОД МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ** | |
| 46 | Планирање и изработка на техничка документација за изградба на патишта од МФИ | 18 - Висока |
| 47 | Управување со проекти за изградба на патишта од сопствени средства МФИ | 18 - Висока |
| 48 | Подготовка на извештај за стратешка оцена на влијание врз животната средина (сожс) и добивање на решение/мислење за извештај за сожс | 13 -Средна |

| | | |
|---|---|---|
| 49 | Подготовка на елаборат и добивање на решение за елаборатот за заштита на животна средина | 14 - Средна |
| 50 | Координативни активности при изградба на патишта од МФИ | 12 - Средна |
| 51 | Следење и конрола на проектите од МФИ | 17 - Висока |
| 52 | Подготовка на студија за оцена на влијание врз животната средина (овжс) и добивање на решение за студијата за овжс | 12 - Средна |
| 53 | Учество во изработка на спецификации и во комисии за спроведување на јавни набавки од сопствени МФИ | 18 - Висока |
| 54 | Поготовка на планот за јавни набавки преку мфи и сотвени средства и во делот на инвестици односно учество во подготовка на годишната програма | 12 - Висока |
| 55 | Склучување договори за проекти преку МФИ | 18 - Висока |
| | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ | |
| 56 | Работи поврзани со државни исчтитуции | 17 - Висока |
| 57 | Работа за односи со јавноста | 16 - Висока |
| 58 | Преведување, јазична редакција и лекторирање | 12 - Средна |
| | СЕКТОР НА ОДРЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА НА ПАТИШТА И НАПЛАТА НА ПАТАРИНА | |
| 59 | Подготовка на програмата за одржување и заштита на патиштата и Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта | 18 - Висока |
| 60 | Изготвување на тендерска спецификација од област на одржување и заштита на патиштата | 18 - Висока |
| 61 | Возила кои се ослободени од плаќање патарина по основ на Инвалидитет | 13 - Средна |
| 62 | Издавање на мислење за колизија на концесионо поле со постоечката или планираната патна инфраструктура (магистрална и регионална) | 12 - Средна |
| 63 | Издавање на согласност за одржување манифестации | 9 - Ниска |

| | | |
|---|---|---|
| | на државен пат | |
| 64 | Барање за издавање одобрување за вонреден превоз | 12 - Средна |
| 65 | Издавање одобрувања за поставување на рекламни табли и инсталации | 18 - Висока |
| 66 | Наплата на патарина | 18 - Висока |
| 67 | Изготвување процена на штета предизвикана од трети лица на објекти во Сопственост на јавното претпријатие за државни патишта | 17 - Висока |
| 68 | Издавање на согласност за трајна измена на режим на сообраќај на државен пат | 14 -Средна |
| 69 | Издавање на одобрение за вонреден превоз | 14 - Средна |
| 70 | Издавање одобрување за Пристапен пат | 14 - Средна |
| 71 | Одобрување на предмет-пресметка од Ј.П.Македонија пат | 18 - Висока |
| 72 | Контрола и ликвидирање на документи од наплата на патарини | 14 - Средна |
| 73 | Одобрувањена месечна или завршени ситуации за извршени работи од Ј.П. Македонија пат., | 18 - Висока |
| 74 | Подготовка и контрола на извештајот за наплатени средства и реализиран собраќај | 14 - Средна |
| 75 | Одржување на електрична инсталација и анализа на собраќајот | 14 - Средна |
| 76 | Спроведување на договорите за одршување и заштита на патиштата | 17 - Висока |
| | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИТ | |
| 77 | Логистичка ИКТ поддршка на корисниците на ИКТ инфраструктурата | 16 - Висока |
| 78 | Креирање, имплементација и одржување на web страна | 15 - Висока |
| 79 | Help Desk (подршка за корисници) | 13 - Средна |
| 80 | Проектирање, развивање и одржување на мрежната | 18 - Висока |

| | | |
|---|---|---|
| | инфраструктура | |
| 81 | Редовен бекап на податоците од серверите и кориснички комјутери | 17 - Висока |
| 82 | Изработка на тендерска техничка спецификација | 17 - Висока |

# V. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

## 5.1. Пристап кон проценката на ризикот

Управувањето со ризици во ЈПДП се врши во согласност со Стратегијата за управување со ризици, донесена од Управниот Одбор.

Основни документи кои се изготвени во рамки на процесот на управување со ризици се Образецот за утврдување и проценка на ризиците и Регистерот на ризици. Наведените документи претставуваат главен извор на информации за ризиците за Одделението за внатрешна ревизија.

Утврдените ризици можат да се поделат на стратешки, оперативни, организациски, ризици на усогласеност, ризици на извршување/ефикасност, финансиски, репутациски и други ризици.

За секој утврден ризик е проценета веројатноста за негово настанување, можното влијание на ризикот и нивото на т.н. инхерентен ризик.

Исто така за секој ризик е утврдено нивото на спроведените контроли и како краен резултат т.н. ниво на резидуален ризик.

## 5.2. Резултати од проценката на ризикот за потребите на стратешкото планирање

Најзначајните ризици кои беа појдовна основа при подготвувањето на Стратешкиот план се наведени во Прилог бр.1 кон планот, кој содржи преглед на високите и средните резидуални ризици со кои се соочува ЈПДП.

# VI. ПРИОРИТЕТИ НА РЕВИДИРАЊЕТО ВО ПЕРИОДОТ 2020 - 2022 ГОДИНА

Врз основа на извршените анализи за потребите од изработка на Стратешки план, проценетата ризичност на потенцијалните области на ревидирање и по извршената консултација со раководството, утврдена е листа на приоритети на ревидирање за периодот 2020 - 2023 година.

## 6.1. Врска на приоритетните области за ревидирање и спроведените анализи

*Табела 1: Врска на приоритетните области на ревизија со спроведените анализи и проценката на ризиците*

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ | | ЛИНКОВИ/ВРСКИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Придонес на страт. приоритети | Финансиска значајност | Управување и користење на ЕУ средства | Наоди на надворешна ревизија (ДЗР, Ревизорско тело) | Ниво на ризичност | Барање на раководството | Останато | ЦЕЛИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА |
| 1. | Подготовка на постапка за експропријација | X | X | | | X (високо) | | | Придонес во остварувањето на целосна регуларност на постапката |
| 2. | Системски ревизии за ИПА (проекти ипа II) | X | X | X | | X (високо) | | X (висока важност) | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на единицата поврзани со ИПА |
| 3. | Изјава за гаранција | X | X | X | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП поврзани со ИПА |
| 4. | Верификација на плачања по ситуации | X | X | X | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | структурите во ЈПДП поврзани со ИПА |
| 5. | Известување за нерегулар-ности | | X | X | | X (средно) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП поврзани со ИПА |
| 6. | Сметковод-ство | X | X | | | | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП |
| 7. | Следење и наплата на побарувања | X | X | | | X (средно) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли при наплата и побарување |
| 8. | Управување со човечки ресурси | X | X | | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП |
| 9. | Финансиско и материјално работење | X | X | | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Исплата по основ на договори | X | X | | | X (средна) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП |
| 11. | Следењето на договорите со меѓународните финансиски институции, од аспект на рокови, отплати, договорни и финансиски услови | X | X | - | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП |
| 12. | Отплата на заеми од МФИ | X | X | | | X (средна) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП |
| 13. | Админис-тративна проверка на тендерската | X | X | | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | документа-ција | | | | | | | | структурите во МФ поврзани со ИПА |
| 14. | Евалуација на понудите и склучува-ње на договори | X | X | | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП |
| 15. | Следење на на реализација на склучени договори за јавна набвка | X | X | | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП |
| 16. | Изработка на на план за јавни набавки | X | X | | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП |
| 17. | Планирање и изработка на техничка документац ија за изградба на патишта со средствата на РМ | X | X | | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Управување со проекти за изградба на патишта од сопствени средства | X | X | | | X (високо) | | ) | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 19. | Следење и контрола на проектите | X | X | | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 20. | Подготовка на елаборат и добивање на решение за елаборатот за заштита на животна средина | X | X | | | X (средно) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 21. | Учество во изработка на спецификации и во комисии за спроведува | X | X | | | X (Високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ње на јавни набавки од сопствени средства | | | | | | | | |
| 22 | Планирање и изработка на техничка документација за изградба на на патишта од МФИ | X | X | | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 23. | Управување со проекти за изградба на патишта со средства од МФИ | X | X | | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 24 | Следење и контрола на проектите МФИ | X | X | | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 25 | Подготовка на елаборат и добивање на решение за елаборатот | X | X | | | X (средно) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | за заштита на животна средина | | | | | | | | |
| 26 | Учество во изработка на спецификации и во комисии за спроведување на јавни набавки МФИ | X | X | | | X (високо) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 27 | ИТ (одржување на мрежа, логистика. Креирање и проектирање) | X | X | | | X (средно) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли ИТ |
| 28 | Подготовка на програмата за одржување и заштита на патиштата и Годишната | X | X | | | X (висока) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта | | | | | | | | |
| 29 | Изготвување на тендерска спецификација од област на одржување и заштита на патиштата | X | X | | | X (висока) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 30 | Наплата на патарина | X | X | | | X (висока) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 31 | Изготвување процена на штета предизвикана од трети лица на објекти во Сопственост | X | X | | | X (висока) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на јавното претпријати е за државни патишта | | | | | | | | |
| 32 | Издавање одобрување за Пристапен пат | | X | | | X (средна) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 33 | Издавање на одобрение за вонреден превоз | | X | | | X (средна) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 34 | Издавање одобрување за Пристапен пат | | X | | | X (средна) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 35 | Одобрување на предмет-пресметка од Ј.П.Македон ија пат | X | X | | | X (висока) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 36 | Контрола и ликвидирањ е на | | X | | | X (средна) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | документи од наплата на патарини | | | | | | | | |
| 37 | Одобрување на месечна или завршени ситуации за извршени работи од Ј.П. Македонија пат., | X | X | | | X (висока) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 38 | Подготовка и контрола на извештајот за наплатени средства и реализиран собраќај | X | X | | | X (средна) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |
| 39 | Одржување на електрична инсталација и анализа на собраќајот | X | X | | | X (средна) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Спроведување на договорите за одршување и заштита на патиштата | X | X | | | X (висока) | | | Зајакнување на системот на внатрешни контроли |

## 6.2. Листа на приоритетни области за ревидирање со распоред на ревидирање

*Табела 2: Преглед на приоритетните области за ревидирање за 2019 - 2021 година*

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ | | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Системска ревизија на ИПА | X | | |
| 2. | Ревизија на инвестициони проекти за градба | X | | |
| 3. | Ревизија по барање на Директорот | X | | |
| 4. | Исплата по основ на договори | | X | |
| 5. | Ревизија на завршниот дел на проектот Градско – Дреново ИПА (II) | | X | |
| 6. | Ревизија по барање на Директорот | | X | |
| 7. | Ревизија на постапката за изработка на проектна документација за рехабилитација на државните патишта | | | X |
| 8. | Ревизија на договорот за изградба на делницата Прилеп – Ленишка река и с. Беловодици – каменлон Маврово од ИПА | | | X |
| 9. | Ревизија по барање на Директорот | | | X |
| ВКУПНО РЕВИЗИИ | | 3 | 3 | 3 |

## VII. КАДРОВСКИ ПОТРЕБИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Од споредбата на потребите за ресурси со вистинскиот број на внатрешни ревизори, Одделението за внатрешна ревизија согласно постоечкиот расположив капаците на ресурсите е изготвен Стратешки план за исполнување на целите.

Бројот на вработени лица, стручни квалификации и искуство се соодветни за исполнување на целите во периодот опфатен со планот и во блиска иднина се очекува зајакнување на капацитетот на ресурсите во Одделението за внатрешна ревизија.

## VIII. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ВРСКАТА СО ГОДИШНИОТ ПЛАН

Стратешкиот план се прегледува и ажурира секоја година со што би ги одразил релевантните промени до кои се доаѓа во целите, приоритетите и активностите на Јавно претпријатие за државни патишта и резултатите на спроведените проценки на ризикот.

По завршувањето на третата година за периодот опфатен со овој Стратешки план, внатрешна ревизија ќе ја повтори сеопфатната проценка на ризикот.

Раководителот на субјектот ја одобрува секоја промена на Стратешкиот план.

Стратешкиот план е почетна основа за изготвување на Годишниот план за внатрешна ревизија.

## IX. ЗАКЛУЧОК

Со Стратешкиот план на Одделението за внатрешна ревизија се утврдени целите и приоритетите на Одделението за периодот 2021 - 2023 година.

Во Стратешкиот план се наведени потенцијалните области за ревизија во Јавно претпријатие за државни патишта, рангирани според нивната важност и ризиците со кои се соочува ЈПДП.

Врз основа на проценка на ризиците, како и анализа на повеќе фактори (важност на областа, придонес кон целите и приоритетите на Претпријатието, финансиска значајност, потреби на раководството, цели на Одделението за внатрешна ревизија и слично, утврдени се приоритетните области за ревизија и временски распоред за спроведување на ревизиите во периодот 2021 - 2023 година.

Со ревизија на приоритетните области Одделението ќе му обезбеди на раководството на Јавното претпријатие за државни патишта разумно уверување за состојбата на системот на внатрешни контроли и регуларноста на работењето во рамките на ревидираните области.

Преку давањето на препораки, известувањето и другите активности на Одделенито, ќе се овозможи надминување на слабостите или неправилностите при работењето, како и зголемување на ефикасноста на работењето на Јавното претпријатие за државни патишта.

Раководител на одделение за
Внатрешна ревизија
м-р ИЛИР ХОЏА

В.Д ДИРЕКТОР
Ejup Rustemi

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDERMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup